СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 158 **1 август 2019, четврток** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2485.	**Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.....	**3**
2486.	**Одлука** за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции.....	**3**
2487.	**Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан.....	**3**
2488.	**Оглас** за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија што ги избира Собранието на Република Северна Македонија.....	**4**
2489.	**Автентично** толкување на членот 21 став (1) точка 4) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ број 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18).....	**5**
2490.	**Одлука** за помилување на осудени лица.....	**6**
2491.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден.....	**6**
2492.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.....	**8**
2493.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стовариште со придружни содржини КО Ропаљце и КО Виштица-вон г.р., Општина Липково.....	**8**

		Стр.
2494.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден.....	**9**
2495.	**Одлука** за давање согласност на Ревидираната годишна сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за периодот 1.1 - 31.12.2018 година.....	**9**
2496.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година.....	**9**
2497.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**10**
2498.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**10**
2499.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**11**
2500.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**11**
2501.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**12**
2502.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**12**
2503.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.....	**13**
2504.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Планинарско Горскоспасително друштво АВА КОТА 1050 Новаци.....	**13**
2505.	**Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево.....	**17**
2506.	**Програма** за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој.....	**17**
2507.	**Програма** за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година....	**18**
2508.	**Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација.....	**22**
2509.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла и пропратната документација.....	**23**
2510.	**Правилник** за изменување на Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот за метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај.....	**26**
2511.	**Правилник** за изменување на Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање.....	**32**
2512.	**Правилник** за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр. 01-5988/1 од 04.12.2014 година, со измена бр. 01-4077/1 од 12.09.2018 година.....	**41**
	Огласен дел.....	**1-84**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2485.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 3 од Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација („Службен весник на Република Македонија" број 88/2004 и 73/17), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНИОТ КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација („Службен весник на Република Македонија" број 89/17, 122/17, 160/17 и 20/18), во точката I. под а) за претседател, зборовите: „Горан Милевски” се заменуваат со зборовите: „Соња Мираковска”.

Под в) за членови: во точката 1) зборовите: „Соња Мираковска“ се заменуваат со зборовите: „Бетиане Китев“, а под г) за заменици членови: во точката 3) зборовите: „Бетиане Китев“ се заменуваат со зборовите: „Ивана Туфегџиќ”.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4385/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

2486.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 3 од Одлуката за основање на Национален совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија број 140/2007 и 91/11), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ-ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

I. Во Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија“ број 89/17, 122/17, 160/17, 20/18 и 191/18), во точката I. под в) за членови точката 11. се менува и гласи:

- „доц. д-р Александар Спасов, од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” Скопје, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.”

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08 – 4386/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xaferi,** с.р.

2487.

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА „ОДЛУЧНА ПОДДРШКА“, ВО ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА АВГАНИСТАН

1. За учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан се испраќаат 38 (триесет и осум) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) и тоа:

- 25 (дваесет и пет) припадници на Армијата, во Единицата за заштита на силите на Главната оперативна команда во Кабул, за период од 6 (шест) месеци, сметано од декември 2019 година до јуни 2020 година и

- 13 (тринаесет) штабни старешини на Армијата, во Командата за обука, советување и асистирање во Кабул, за период од 6 (шест) месеци, сметано од декември 2019 година до јуни 2020 година.

2. Финансиските трошоци за плати и надоместоци на плати на припадниците на Армијата за време на извршувањето на мировната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана, а трошоците за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедуваат партнерските земји.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во мировната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Северна Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Северна Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4387/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

2488.

Врз основа на членот 9 став (1) алинеја 2, а во врска со членовите 10 и 11 ставови (2), (4) и (5) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/19), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 30 јули 2019 година распиша

О Г Л А С

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ШТО ГИ ИЗБИРА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1.Собранието на Република Северна Македонија ќе врши избор на два члена на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

2. За член на Судскиот совет на Република Северна Македонија се избира лице од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставен суд на Република Северна Македонија, меѓународни судии и други истакнати правници, кое во моментот на објавувањето на огласот ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кое во вршењето на правната професија се истакнало со научна или професионална работа или со свое јавно делување,

- да не е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци што го прави недостоен за да ја врши функцијата член на Советот и

- да ужива углед и да поседува интегритет за вршење на функцијата член на Совет.

3. За член на Советот не може да биде избрано лице кое во моментот на објавување на огласот врши судиска или јавнообвинителска функција или лице кое било

разрешено од судиска или јавнообвинителска функција, освен ако Европскиот суд за човекови права утврдил прекршување на Европската конвенција за човековите права во постапката за разрешување, ниту лице кое во последните четири години било пратеник, член на Влада на Република Северна Македонија или вршело функција во орган на политичка партија.

4. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката 2 на овој оглас, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

За исполнување на условот од точката 3 на овој оглас кандидатот треба да достави лична изјава заверена на нотар дека во моментот на објавување на огласот не врши судиска или јавнообвинителска функција или не бил разрешен од судиска или јавнообвинителска функција, освен ако Европскиот суд за човекови права утврдил прекршување на Европската конвенција за човековите права во постапката за разрешување, ниту дека во последните четири години бил пратеник, член на Влада на Република Северна Македонија или вршел функција во орган на политичка партија.

5. Овој оглас ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“.

Бр. 09-4391/1	Претседател на Собранието
30 јули 2019 година	на Република Северна
Скопје	Македонија,
	м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

2489.

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2019 година, даде

АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 21 СТАВ (1) ТОЧКА 4) ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 И 248/18)

Одредбата на членот 21 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ број 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18), гласи:

„(1) Задржувањето на данок се применува на следниве приходи, без оглед дали се исплатени во Република Македонија или во странство:

1) приход од дивиденди;

2) приход од камата од резидент;

3) приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република Македонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица;

4) приход од авторски хонорар исплатен од резидент;

5) приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица;

6) приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија;

7) приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок на постојаната деловна единица во Република Македонија;

8) приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија;

9) приход од телекомуникациски услуги меѓу Република Македонија и странска држава и

10) приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, данокот не се задржува на следниве приходи:

1) на трансфер на дел од добивката на постојана деловна единица на странско правно лице во Република Македонија, на која претходно е платен данок на добивка;

2) на приход од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија и банки или други финансиски институции кои дејствуваат како претставник на Владата на Република Македонија;

3) на приход од камата од депозити во банка лоцирана во Република Македонија и

4) на приход остварен од посредување или консалтинг со државни хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар.”.

Одредбата од членот 21 став (1) точка 4) треба да се толкува, така што, приход од авторски хонорар исплатен од резидент не се однесува на приход од користење на сродни права за чие користење, меѓу другите се и радиодифузните организации кои набавуваат странска програма врз основа на договор за лиценца.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08 – 4399/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xaferi,** с.р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2490.

Врз основа на член 84, став 1, алинеа 9 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/1991, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 49/2011, 6/2019) согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 99/16), Претседателот на Република Северна Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. АРИФ УМЕР ОСМАН од с.Долгаш, Центар Жупа, во траење од 3 месеци

2. МАРИЈА ЈОРДАН ЗОРБОВСКА ЃЕОРГИЕВА од с.Облешево, во траење од 2 месеци

II

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-670/1
31 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2491.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО ИЛИНДЕН ВОН ГРАДЕЖЕН, ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 135985м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
312	Илинден вон градежен	Ајватовска чешма	Нива	5
313	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	Ливада	3
737	Илинден вон градежен	Карашамак	Нива	4
732	Илинден вон градежен	Карашамак	Нива	4
640	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	5
760	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
751	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
748	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
738	Илинден вон градежен	Кара шамак	нива	4
754/1	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	5
753	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
747	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
740	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
731/2	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
746	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
741	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
730	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
643	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
744	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
743/1	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
742	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
731/1	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
759	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
750	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
745	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
642	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
641	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
734	Илинден вон градежен	Карашамак	пасиште	3
733	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	3
735	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
752/2	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
752/1	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	зз	4
736	Илинден вон градежен	Ајватовски пат	нива	4
644	Илинден вон градежен	Вршник	нива	4
Вкупна површина на земјиштето во плански опфат:				**172827**м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5000/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2492.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО ГЛУВО БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 18537м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
1544	Глуво Бразда	Штитиње	нива	5
1547	Глуво Бразда	Штитиње	нива	5
Вкупна површина на земјиштето во плански опфат				24028м²

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5021/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2493.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО КЛАСА НА НАМЕНА Г4-СТОВАРИШТА СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ КО РОПАЉЦЕ И КО ВИШТИЦА - ВОН Г.Р., ОПШТИНА ЛИПКОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стовариште со придружни содржини КО Ропаљце и КО Виштица-вон г.р., Општина Липково.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Кататастарска класа
1265	Ропаљце	Млака	нива	4
1259	Ропаљце	Млака	нива	4
1267	Ропаљце	Млака	нива	4
1266	Ропаљце	Млана	нива	4
932/3-дел	Виштица-вон г.р.	Сари Меша	нива	4
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				35355 м²

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5022/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2494.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО ИЛИНДЕН ВОН ГРАДЕЖЕН, ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 97824 м2 , ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
2404/1-дел	Илинден вон градежен	Барутница	нива	4
Вкупна површина на земјиштето во плански опфат				99023,27м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5119/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2495.

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен еесиик ма Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13. 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕВИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА - Ц.О. СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 1.1 - 31.12.2018 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ревидираната годишна сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за периодот 1.1 - 31.12.2018 година, усвоени од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, со Одлука бр 02-1149/4, на седницата, одржана на 20 јуни 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5233/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2496.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен еесиик ма Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13. 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА - Ц.О. СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Ц.О. Скопје за 2018 година, бр.02-1149/6, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 20 јуни 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5233/2
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2497.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Роберт Јакимов с.Ерџелија Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 90096м2 кое се наоѓа на КПбр.1114/2, место викано Алагос, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 3956м2, КПбр.1114/2, место викано Алагос, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 3953м2, КПбр.1114/4, место викано Алагос, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 16100м2, КПбр.1134/2, место викано Круша, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 13284м2, КПбр.1135, место викано Круша, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 9879м2, КПбр.1136, место викано Круша, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 20928м2, КПбр.1137/2, место викано Круша, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 12079м2 и КПбр.1138/2, место викано Круша, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 9917м2, запишани во Имотен лист бр.800 за КО Ерџелија вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5320/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2498.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец УРОВ – Зоран Китанов с.Мустафино Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 22003 м2 кое се наоѓа на КП бр. 1093/4, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура ливада, катастарска класа 1, со површина од 11470 м2, КП бр. 1447, место викано Ливадски пат, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 5626 м2 и КП бр.1447, место викано Ливадски пат, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 4907 м2 запишани во Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5322/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2499.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Убавка Шаматова од с.Ерџелија Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 61864 м2 кое се наоѓа на КПбр.1116/1 - дел, место викано Софија, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 15257м2, КПбр.1117, место викано Софија, катастарска култура ливада, катастарска класа 3, со површина од 1303м2, КПбр.1118, место викано Софија, катастарска култура ливада, катастарска класа 3, со површина од 718м2, КПбр.1121, место викано Софија, катастарска култура ливада, катастарска класа 3, со површина од 876м2, КПбр.1122, место викано Софија, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 164м2, КПбр.1125/3, место викано Софија, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 4035м2, КПбр.1127/2, место викано Софија, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 25566м2 и КПбр.1123/2, место викано Софија, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 13945м2, запишани во Имотен лист бр.800 за КО Ерџелија вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5323/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2500.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец МАК 07-Анита Димитриевска од с.Мустафино Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 96290м2 кое се наоѓа на КП бр.1500/3, место викано Крушка, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 4421м2, КП бр.1500/4, место викано Крушка, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 3886м2, КП бр.1500/5, место викано Крушка, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 4348м2, КП бр.1501, место викано Крушка, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 3166м2, КП бр.1502, место викано Крушка, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 8268м2, КП бр.1504/1, место викано Пиринџа, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 9733м2, КП бр.1505, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 8570м2, КП бр.1506, место викано Пиринџа, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 13695м2, КП бр.1507, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 6785м2, КП бр.1508, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа

2, со површина од 12172м2, КП бр.1509, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 5252м2, КП бр.1510, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 5520м2 и КП бр.1511, место викано Пиринжа, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 10474м2, запишани во Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5326/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2501.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Сашо Серафимов од Свети Николе за земјоделско земјиште кое се наоѓа на КП бр.1466-дел, место викано Бозна, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 2100м2 запишана во Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5328/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2502.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ТАНИМАР – Благица Донева од Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 56751 м2 кое се наоѓа на КП бр.1081/2, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 7561 м2, КП бр.1082, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 11119 м2, КП бр. 1082, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 9936 м2, КП бр.1083, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 19397 м2,

КПбр.1084/2, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 6379 м2 и КП бр. 842/2, место викано Узун лира, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 2359 м2, запишани во Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5330/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2503.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец МАЌИ – Блажо Коцев од с.Мустафино Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 66596 м2 кое се наоѓа на КПбр.1059, место викано Трлиште, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 10586 м2, КП бр. 1063, место викано Д.Свирикора, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 5389 м2, КПбр.1384, место викано Калдрма, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 5340 м2, КП бр. 1454, место викано Ѓорѓева ливада, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 25318 м2, КП бр.1463/3, место викано Бозла, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 1219 м2, КПбр.1466-дел, место викано Бозна, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 10447 м2, КП бр.833/2, место викано Немашница, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 4565 м2 и КПбр.834/2, место викано Немашница, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 3732 м2 запишани во Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-5331/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2504.

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ПЛАНИНАРСКО ГОРСКОСПАСИТЕЛНО ДРУШТВО АВА КОТА 1050 НОВАЦИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

Реден број	Номенклатурен број	Назив на движни ствари	Количина
1.	1250-0000-0009-8	ГеофонМАДП-1	3 парче
2.	2110-0000-0001-0	Ветровкамаскирнавојничка	1 парче
3.	4315-1088-1612-9	Чизмигумени	30 парче
4.	7720-0000-0353-4	ЦревоППФ-150	30 парче
5.	7720-0000-0094-6	Спусница затворена 25м	2 парче
6.	7750-1143-2524-4	Спушталка отворена од 25м	2 парче
7.	7816-1077-0135-1	Носилосанитетсконасклопување	25 парче
8.	4640-1080-0148-4	ПриборзајадењеМ-69(ПЧ)	50 парче
9.	4625-1080-0153-1	ПриборзајадењеМ-69(НЛВ)	50 парче
10.	4625—1080-0179-8	Порција и чутурица војничка	5 парче
11.	4360-1143-1725-4	ШаторштабенмалМ-70	10 парче
12.	4340-1143-1723-9	ВреќазаспиењетипАРМ	20парче
13.	4340-0000-0006-1	Чаршавкреветскиоддамаст	20 парче
14.	7012-0000-0007-1	Секира	10парче
15.	7087-6164-0097-4	Лопата	84 парче
16.	7087-0000-0003-6	Дурија	8парче
17.	7760-1143-2432-0	Оделоазбестно	5 парче
18.	9525-0000-0026-8	Кантазагоривоканистерод 20 литри	2 парче
19.	3860-0000-0011-3	Пиламоторнастил	1 парче
20.	7710-1026-7635-8	Опасач ПП	3 парче
21.	7097-0000-0045-1	Алатстоларски	1 парче
22.	7097-0000-0042-6	Алатводоинсталатерски	1 парче
23.	7720-1132-8930-7	КофазаводаПП	5 парче
24.	7730-6923-0002-2	БрентачТ-20	5 парче
25.	7730-6923-0007-1	АпаратППС-6	1 парче
26.	7730-6923-0008-3	АпаратППС-9	3 парче
27.	7710-1026-7639-5	СекираПП	10 парче
28.	3950-3697-0040-4	Ќускија	3 парче
29.	4320-0000-9834-4	Комбинезон работенпортокалов	3 парче
30.	4610-4123-0902-9	Кујна возечка од 250 литри	1 парче
31.	3405-0000-0036-0	Агрегат електричен Хомелите	1 парче
32.	4315-3915-0003-2	Чевлизаштитнимашки	2 парче
33.	3905-0000-0032-2	Дигалкахидраулична 20 тона	1 парче
34.	3905-0000-0043-7	Дигалкамеханичкаод 5 тона	2 парче
35.	7045-6164-0002-9	Чеканод 0,800 кг. до 5 кг.	3 парче
36.	7093-6164-2041-3	Пијук	20 парче
37.	7720-1132-8860-1	МлазницаФ-52 Универзална	5 парче
38.	7720-1254-1987-2	ЦревоППФ-52 тревира	5 парче
39.	7730-6923-0018-6	АпаратППСО2 од 10 кг.	10 парче
40.	4355-0000-0025-1	ТашназаЦЗ	282 парче
41.	4320-3915-0858-8	Ракавицигумени	3 парче
42.	3905-0000-0036-6	Чекркдводелен	1 парче
43.	3935-0000-0005-2	Скаламорнарска 25 метри	16 парче
44.	3935-0000-0006-4	Скала на растегнување троделна	3 парче
45.	3935-0000-0008-8	Скала кукача	41парче
46.	3935-0000-0009-9	Скалазаспасувањеод 2м.	65 парче
47.	3935-0000-0013-1	Скаланасоставување	1 парче
48.	3935-1267-8385-0	Скаламорнарска 50 м.	1парче
49.	3935-3697-0178-4	Скаламорнарска 35 м.	1 парче
50.	5630-1138-9450-5	Вила	1парче
51.	5810-0000-0001-1	Пумпа за вода Томос	11парче
52.	7750-1132-8844-6	Скалазарастегнувањедводелна	4 парче
53.	7880-0000-0033-5	Торбица санитетска празна	144 парче
54.	7880-7011-4454-4	Торбица санитетска	223 парче

55.	7880-7011-4452-0	ТорбицазаболничарСНК-1	3парче
56.	7880-7011-4454-4	РанецзамедицинскитехничарСНК-3	4 парче
57.	9150-0000-0005-0	ЈажеиортомиодФ-6 доФ-25	102 парче
58.	2110-0000-0002-2	Панталонивојничкимаскирни	1парче
59	2110-0000-0003-4	Блузавојничкамаскирна	1 парче
60.	2110-0000-0004-6	Капавојничкамаскирна	1 парче
61.	2110-0000-0005-8	Џемпермаскирен	1 парче
62.	2110-0000-0006-0	Кошулавојничкамаскирна	2 парче
63.	3205-0000-1052-8	Телефон моб. СониЕриксонТ-290	2 парче
64.	3205-0000-1203-5	Телефон моб. СониЕриксонТ-280И	1 парче
65.	3205-0000-8863-5	Телефон моб. Сони Ериксон Наите	1парче
66.	3205-0000-8864-7	Телефон моб. СониЕриксонW100 спиро	1 парче
67.	3205-0000-8865-9	Телефон моб.Нокиа 2730	2 парче
68.	3205-0000-8868-4	Телефон моб.LG P 500-Оптикусонепаблик	1парче
69.	3205-0000-8873-8	Телефон моб.НокиаЕ-7 Паблик	1 парче
70.	3205-0000-8874-0	Телефон моб.Нокиа 100	2парче
71.	3205-0000-8883-0	Телефон моб. ХТЦ Дезире 310 Публик	1 парче
72.	3205-1088-8549-2	Индуктор скацентралИТЦ -10	1 парче
73.	3205-3125-0334-6	Телефон индукторскиМ 33	1парче
74.	3205-3125-0355-3	ТелефонПТИ -49	1 парче
75.	3210-0000-0086-6	Телевизорвобоја	1 парче
76.	3235-0000-0042-5	Магнетофонтранзисторски	1 парче
77.	4305-0000-0040-3	КошулазаЦЗ	277 парче
78.	4305-0000-0041-5	МарамаженсказаЦЗ	137 парче
79.	4305-0000-0042-7	КапазаЦЗ	10 парче
80.	4305-0000-0043-9	КошулазаЦЗженска	203 парче
81.	4310-0000-0070-7	МашназаЦЗ	664 парче
82.	4310-0000-0104-9	МаицаДЗСсократкиракави	5 парче
83.	4310-1087-5627-8	Поткошулавојничкалетнабела	2 парче
84.	4310-1087-5628-5	ЧорапивојничкиСМБ	2 парче
85.	4310-3915-0639-8	Крпазалицефротирска	5 парче
86.	4315-0000-0018-0	ЧевлизаЦЗ	16 парче
87.	4315-1082-9289-2	Чевлиженски	193 парче
88.	4315-1086-0365-1	Чевлисоповисокасара	1 парче
89.	4320-0000-0051-4	ОделозаЦЗмашко	157 парче
90.	4320-0000-0054-8	ВетровказаЦЗженска	200 парче
91.	4320-0000-0055-1	ВетровказаЦЗмашка	137 парче
92.	4320-0000-0057-5	ОделозаЦЗженско	199 парче
93.	4320-0000-0202-3	БлузаработнаППодчоја	14 парче
94.	4320-0000-9839-3	Панталонитегетзимски	1 парче
95.	4320-1082-9809-5	ПододелогорниделМ-81 војничко	1 парче
96.	4320-1082-9816-2	ПододелодолниделМ-81 војничко	1 парче
97.	4320-1284-1382-5	Мантилбелработен	9 парче
98.	4320-3915-0936-4	Ракавициработникожни	1 парче
99.	4320-3915-2004-9	Бундица со крзно без ракави	1 парче
100.	4325-0000-0012-0	БлузаДЗСтемносина	5 парче
101.	4325-0000-1016-2	Блузатегетзимска	2парче
102.	4340-3915-1080-0	Кебе војничко	50 парче
103.	4340-3915-0011-9	Душекјоги	1парче
104.	4340-3915-0109-4	Јастук војнички	2 парче
105.	4345-0000-0009-2	Шлемзаштитен	525 парче
106.	4350-0000-0002-5	Опасач војнички безопртач	15парче
107.	4350-0000-0003-7	Опртач за опасач војнички	15 парче
108.	4350-3915-1179-9	Колансопрерамкизастарешини	28 парче
109.	4610-4123-0918-2	Решо електрично со една ренгла	1 парче
110.	4620-4123-0297-8	Инкапластична	1 парче

111.	4705-1078-6336-3	Клупашколскадрвометал	1 парче
112.	4705-1078-6408-2	Столицаканцелариска	5 парче
113.	4705-1078-6703-4	Клупашколска	2 парче
114.	4705-1078-6783-6	Столшколскисонаслондрвенометални	24 парче
115.	4705-1087-6242-6	Стол тапациран	1 парче
116.	4710-0000-0133-2	Биро 1400Х800	1 парче
117.	4710-1078-1011-0	МасашколскаС 700	4 парче
118.	4715-0000-0051-6	Ормар метален повеќекрилен	1 парче
119.	4760-1078-8835-9	КорпазаотпадоциодПВЦ	2 парче
120.	4805-0000-1736-0	КомпјутерпреносенХПМини -2133	1 парче
121.	4805-0000-8561-4	КомпјутерИБМ 300	1 парче
122.	4805-1083-0001-9	Калкулатор џепен елецтрон. ТРС -529	1 парче
123.	4805-4268-0002-4	Дигитрон џепен	1 парче
124.	5880-0000-0006-7	Гарнитура за моторна пумпа Томос	10 парче
125.	6605-0000-0158-5	Гуманадворешна 175/75х16	2 парче
126.	7012-0000-0003-4	Тесла	1 парче
127.	7077-0000-0122-2	Клучмомент	1 парче
128.	7205-0000-0066-6	Фотоапарат	1 парче
129.	7205-1083-0006-5	Фотоапарат Јашикамат -124	1 парче
130.	7215-0000-0014-0	Блицзафотоапарат	1 парче
131.	7220-0000-0053-4	Апарат за израб. на слики ОПЕМУС 4	1 парче
132.	7740-0000-0002-0	Ракавицикожни	20 парче
133.	7810-0000-0065-0	Шини крамерови комплет	1 парче
134.	7810-7011-8598-8	Удлагапокрамердол.100смшир. 10 см.	550парче
135.	7843-0000-0002-9	Маска хирушка 22смх1 5 см	25 парче
136.	7843-0000-0006-6	Завоен стерилен материал -комплет	6парче
137.	7843-0000-0016-9	Завој комплет за опекотини	3 парче
138.	7843-1080-2553-0	Превеска за застанување на крварење	3 парче
139.	7843-1080-2740-4	Завојпрвиндивидуален	7парче
140.	7850-0000-0009-5	Ракавицигуменихирушкибр.7,5	25 парче
141.	7740-0000-0027-4	Коленицизаштитникожни	30 парче
142.	4355-1078-5265-9	Торбица за старешини	62 парче
143.	4320-1283-7136-3	Бундастражарска	24 парче
144.	1210-1088-1573-8	Двогледрачен 8х30	2 парче
145.	4360-3915-1272-0	Шаторскокрилосоконопче	60 парче
146	4620-4123-0016-7	Термосод 25 литри	2 парче
147.	3630-3472-0687-8	Петролејскифенер	3 парче
148.	2205-2158-0095-8	Нараквицизаштитни	50 парче
149.	7730-0000-0077-7	НапртњачаППЛ 25	8 парче
150.	2215-0000-0006-7	Прскалкагрбна	2 парче
151	3625-0000-0028-7	Ламба акумулаторска	2 парче

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Планинарско Горскоспасително Друштво АВА КОТА 1050 Новаци.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со претседателот на Планинарско Горскоспасително Друштво АВА КОТА 1050 Новаци со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5168/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2505.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, бр.02-1376/1-1 од 17.7.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 17.7.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5591/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2506.

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Средствата за реализација на оваа програма се утврдени согласно Буџетот на Република Македонија за 2019 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.238/18), раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 - Земјоделство и рурален развој, потпрограма 30 Земјоделство, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 24.000.000,00 денари.

II

(1) Средствата од дел I на оваа програма во износ од 14.700.000,00 денари ќе се користат за реализација на активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Средствата од дел I од оваа програма во износ од 9.300.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски по Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој од 2018 година

III

Корисници на средствата од дел II на оваа програма се центрите за развој на планските региони на територијата на Република Северна Македонија, регистрирани согласно Законот за рамномерен регионален развој.

IV

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе објави Јавен повик за доставување на предлог-проекти во областа на земјоделството и руралниот развој кои ќе ја подобрат руралната инфраструктура а на кој ќе можат да се поднесуваат барања за финансирање најдоцна до 15 Август 2019 година.

(2) Максималниот износ на поддршката по корисник е 3.000.000,00 денари од вредноста на прифатливите трошоци на проектот.

(3) Прифатливи трошоци се трошоците за изведба и надзор за проекти кои ќе имаат за цел подобрување на патната инфраструктура во подрачјата со земјоделска дејност и обработливи површини.

(4) Предлог-проектите се прифаќаат додека не се исцрпат целосно средствата од програмата.

(5) Еден корисник може да поднесе само едно барање за користење на средства од оваа програма.

(6) За учество по јавниот повик барателот треба да поднесе до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

- Барање за финансирање на проекти кои се опфатени со оваа програма;
- Предлог-проект со детална анализа, при што доколку има повеќе предлог-проекти тие треба да се означат со редослед за приоритет на финансирање;
- Финансиски план и рок на имплементација на проектот, и
- Тековна состојба на барателот од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

(7) Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој може да се обезбеди преку интернет страницата на Министерството: www.mzsv.gov.mk

(8) Целокупната документација од ставот (6) на овој дел се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на барателот.

(9) Формата и содржината на Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој се дадени во Прилог кој е составен дел на оваа програма.

V

(1) За спроведување на Јавниот повик за доставување на предлог-проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Изборот на корисници ќе се реализира врз основа на следните критериуми за бодирање на доставените проекти и тоа:

- Учество на планскиот регион во креирањето на вкупната бруто-додадена вредност во земјоделството на Република Северна Македонија, согласно последните статистички податоците на Регионални сметки во земјоделството на Државниот завод за статистика ќе се бодира на следниот начин:

Процент (%) на учество	Бод
На секој 1%	1

- Реализацијата на проектот да врзува што поголема земјоделска површина изразена во хектари (ha) ќе се бодира на следниот начин:

Површина во хектари	Бод	Максимум бодови
На секои 20 хектари	1	30

- Процент на учество во државната помош за рамномерен регионален развој на планскиот регион согласно податоците од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018 до 2023 година ("Службен весник на Република Македонија" 234/18) ќе се бодира на следниот начин:

Плански Регион	Учество во државната помош за рамномерен регионален развој (во %)	Бод
Скопски	7,2%	6
Југо-источен	11,1%	8
Источен	11,3%	10
Пелагониски	11,9%	12
Полошки	13,2%	14
Југо-западен	13,3%	16
Вардарски	14,7%	18
Северо-источен	17,3%	20

(3) Комисијата од став (1) на овој дел по пристигнувањето на сите барања доставени за времетраење на Јавниот повик, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви Листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација. По извршената евалуација на пристигнатите предлог-проекти Комисијата ќе изготви Записник за евалуација, рангирање и избор и извештај за избор на одобрени проекти, согласно критериумите од став (2) на овој дел.

(4) Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во Листата на баратели.

(5) По извршениот избор на баратели кои ќе бидат финансирани од оваа програма, истите ќе бидат известени по писмен пат за денот на потпишување на Договор за финансирање кој ќе се склучи помеѓу корисникот на средствата и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство однапред целосно ќе ги исплати одобрените средства согласно договорот за финансирање.

(7) Избраните корисници на средства (центрите за развој на планските региони) треба да започнат постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач на работите предвидени во проектот и надзор над истиот.

(8) Корисниците на средства со изведбата истовремено треба да изберат и најповолен понудувач за надзор над работите.

(9) Одобрените проекти треба да се реализираат од корисниците во рок од 12 месеци од денот на потпишување на Договорот за финансирање.

(10) Корисниците на средствата на крајот на имплементацијата на проектот треба да поднесат комплетен финансиски и наративен извештај најдоцна 15 дена по крајниот рок за имплементација на проектот. Доколку корисниците на средствата не постапат согласно Договорот за финансирање, добиените средства ги враќаат во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на начин утврден со Договорот за финансирање.

VI

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, заклучно со 31.12.2020 година ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-5208/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2507.

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.238/18), член 7 став (3) и став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.152/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и 70/18) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2019 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година во вкупен износ од 6.263.767.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.238/18) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

Бр.на мерка	Код на мерка	***Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства***	Вкупен износ на мерката во денари
1.	1.	Директни плаќања за растително производство	1.880.000.000
2.	2.	Директни плаќања за сточарско производство	1.000
		Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)	
3.	3.	Помош во премии и осигурување	70.000.000
4.	4.	Помош за заштита на земјоделското земјиште	1.000.000
5.	5.	Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство	10.000.000
6.	6.	Помош во сточарскиот сектор	12.000.000
7.	7.	Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година	1.000.000
8.	8.	Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација	200.000.000
9.	8-а.	Дополнителна помош за продадено-неплатено винско грозје во период од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година	95.000.000
10.	9.	Материјални трошоци за спроведување на Програмата	15.000.000
11.	10.	Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година	3.979.766.000
		Вкупно	6.263.767.000

II

Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за директни плаќања за растително производство во износ од 1.880.000.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

Бр. на под мерка	Код на под мерка	Име на подмерката
1.1.	1.1.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури со исклучок на тутун
1.2.	1.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари
1.3.	1.3.	Директни плаќања за произведена и предадена оризова арпа од реколта 2018 година во регистрирани откупувачи
1.4.	1.4.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед
1.5.	1.5.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници
1.6.	1.6.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици
1.7.	1.7.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети
1.8.	1.8.	Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади
1.9.	1.8-а.	Директни плаќања за произведено и предадено јаболко од реколта 2018 година во регистрирани откупувачи
1.10.	1.9.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8 за овошни култури предадени во преработувачки капацитет
1.11.	1.10.	Дополнителни директни плаќања по поршина за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура
1.12.	1.11.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади
1.13.	1.12.	Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани лозови насади заради промена на сортна структура
1.14.	1.14.	Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури

1.15.	1.15.	Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал
1.16.	1.16.	Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури
1.17.	1.17.	Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови
1.18.	1.18.	Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури
1.19.	1.19.	Дополнителни директни плаќања од подмерки 1.5., 1.8. и 1.12. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади за вкупни површини по стопанство помали од 5 ха
1.20.	1.20.	Директни плаќања за обработлива земјоделска површина со големина од 0,2 до 1 хектар
1.21.	1.13	Исплата на заостанати обврски од подмерка 1.13. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/19 и 32/19 и„ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.106/19)

III

Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарското производство во износ од 1.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

Бр. на под мерка	Код на под мерка	Име на подмерката
2.1.	2.1.	Директни плаќања за обележани грла говеда
2.2.	2.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо
2.3.	2.3.	Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко
2.4.	2.4.	Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет
2.5.	2.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4. за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет
2.6.	2.6.	Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О
2.7.	2.7.	Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории
2.8.	2.8.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне
2.9.	2.9.	Директни плаќања за обележани грла кози
2.10.	2.10.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре
2.11.	2.11.	Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици
2.12	2.12	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица
2.13.	2.13.	Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети
2.14.	2.14.	Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети
2.15.	2.15.	Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети
2.16.	2.16.	Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди
2.17.	2.17.	Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство
2.18.	2.18.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици
2.19.	2.19.	Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1, 2.7 , 2.9, 2.11. и 2.17.

IV

Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 70.000.000 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство.

V

Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари ќе се користат за анализа на физичките и хемиските својства на почвата на земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2019 година и тоа 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

VI

Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма во износ од 10.000.000 денари за помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство ќе се користат согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања.

Дополнителната помош се доделува на следните категории носители на земјоделски стопанства:

-Дополнителна помош од 5% на правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејно-земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители;

-Дополнителна помош од 10% на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство;

-Дополнителна помош од 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Дополнителната помош се доделува на земјоделски стопанства корисници на директни плаќања кои имаат:

- од минимум 5 до максимум 50 ха пријавена површина од подмерката 1.1. од дел II на оваа програма со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал,
- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.5. од дел II на оваа програма,
- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.8. од дел II на оваа програма,
- од минимум 1 до максимум 10 ха пријавена површина од подмерката 1.12. од дел II на оваа програма,
- од минимум 10 до максимум 50 грла говеда од подмерката 2.1. од дел III на оваа програма,
- од минимум 101 до максимум 500 грла овци од подмерката 2.7. од дел III на оваа програма,
- од минимум 50 до максимум 150 грла кози од подмерката 2.9. од дел III на оваа програма,
- од минимум 6 до максимум 50 грла-маторици од подмерката 2.11. од дел III на оваа програма и
- од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства од подмерката 2.17. од дел III на оваа програма.

VII

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 12.000.000 денари за помош во сточарскиот сектор се наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став 2 алинеи 1 и 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, а средствата ќе се реализираат со јавен конкурс согласно член 60-б од Законот за сточарство кој го спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VIII

Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари се наменети за финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со пченица согласно подмерката 1.1. од оваа програма и ја имаат предадено пченицата на складиштење кај складиштарите во период од 1 август до 1 септември 2019 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

IX

Средствата од дел I мерка 8 од оваа програма во износ од 200.000.000 денари ќе се користат согласно член 98-в од Законот за земјоделство и рурален развој за помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација за земјоделски стопанства.

Помошта од ставот (1) на овој член е во висина од 30% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на дизел гориво за земјоделска механизација, но не повеќе од 100.000 денари по земјоделско стопанство.

X

Средствата од дел I мерка 9 од оваа програма во износ од 95.000.000 ќе се исплатат за дополнителна помош за продадено-неплатено винско грозје согласно Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19).

XI

Средствата од дел I мерка 10 од оваа програма во износ од 15.000.000 денари ќе се користат од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за: услуги за печатење на образци и информативни материјали и огласи потребни за спроведување на оваа програма, услуги за печатење и достава на известувања до барателите, услуги за проверка на трансакциски сметки на корисниците на програмите, набавка на гориво и патни

трошоци за вршење на контролите на терен, како и трошоци поврзани со оддржување на возилата, услуги за изработка, прилагодување и оддржување на софтверски решенија за спроведување на оваа програма, услуги од надворешни експерти вклучително и ревизија на оваа програма, услуги за обезбедување на сателитски снимки наменети за контролите на терен, набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на оваа програма вклучително и опрема потребна за спроведување на котролите на терен.

XII

Средствата од дел I мерка 11 од оваа програма во износ од 3.979.766.000 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

XIII

Корисници на директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма се земјоделски стопанства кои ги имаат намирено сите финансиски обврски согласно член 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

Корисниците на директни плаќања од дел I мерка 2 од оваа програма се земјоделски стопанства кои имаат подмирени надоместоци и обврски кои произлегуваат од годишните наредби за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

Корисници на дополнителната помош од дел I мерка 9 од оваа програма се земјоделски стопанства како производители на винско грозје кои биле корисници на мерка од годишната програма за финансиска подршка во земјоделството и кои го продале винското грозје на регистриран откупувач во период од 15 август 2014 до 15 ноември 2016 година.

XIV

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерките 1 и 2 од оваа програма е утврден во член 4 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 3 од оваа програма е 31.8.2019 година.

Барањата за директни плаќања за мерката 4 од оваа програма се поднесени до 31.5.2019 година согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година година („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/19 и 32/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/19).

Барањата за директни плаќања за мерката 5 од оваа програма се поднесени до 31.5.2019 година согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/19 и 32/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/19), освен барањата кои се поднесуваат истовремено и за мерките 1.2., 1.7. и 1.9. за кои периодот е утврден во член 4 точки 2 и 3 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за мерката 7 од оваа програма е 15.9.2019 година.

XV

Крајниот рок за почетокот на исплата на средствата по мерки и подмерки од оваа програма ќе се извршува според следниот распоред:

Број на мерка	Број на подмерка	Почеток на исплата
1.	1.1., 1.2., 1.4., 1.20.	ноември 2019
	1.5., 1.6., 1.9., 1.18.	февруари 2020
	1.3., 1.7., 1.10., 1.14., 1.15. 1.16, 1.17., 1.19.,	мај 2020
	1.8., 1.11., 1.12., 1.13.	ноември 2019
	1.21.	август 2019
2.	2.1., 2.2., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10.,	април 2020
	2.3., 2.15.	ноември 2019
	2.4., 2.5., 2.6., 2.11., 2.12., 2.13., 2.19.	мај 2020
	2.14., 2.16., 2.17., 2.18.,	март 2020
3.	/	март 2020
4.	/	март 2020
5.	/	јуни 2020
6.	/	декември 2019
7.	/	септември 2019
8.		септември 2019
9.		август 2019
11.	/	август 2019

XVI

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/19 и 32/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/19).

XVII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5936/1
30 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

2508.

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 04/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18) министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/19) во Прилогот 2 – Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, Поглавје II –Шифри, во рубриката 47 – ПРЕСМЕТКА НА ДАВАЧКИ, а) шифри за прва колона: Вид на давачка, табелата се заменува со нова табела која гласи:

„

Вид на давачка	Шифра
Царински давачки за индустриски производи	A00
Царински давачки по вредност за земјоделски производи	A10
Царински давачки по единечна мерка за земјоделски производи	A11
Дефинитивни антидампинг давачки	A30
Царински евиденција	A31
Привремени антидампинг давачки	A35
ДДВ	B00
Компензаторна камата (ДДВ)	B10
Камата за долг (ДДВ)	B20
Камата за долг (царина)	D00
Компензаторна камата (царина)	D10
Акциза за минерални масла	E21
Акциза за алкохол и алкохолни пијалаци	E22
Акциза по единечна мерка за тутунски производи	E23
Акциза по вредност за тутунски производи	E24
Акциза за патнички автомобили	E25
Акциза за нафтен кокс	E26
Акциза при увоз на пиво	E27
Дел од акциза за алкохол и алкохолни пијалаци согласно Законот за здравствената заштита	E32
Дел од акциза по единечна мерка за тутунски производи согласно Законот за здравствената заштита	E33
Дел од акцизата на пиво во износ од 1 денар/степен алкохол по литар согласно Законот за здравствената заштита	E37
Надоместок за царинска услуга	F10
Надоместок за екологија	F30
Надоместок за пластични производи и пакувања од пластични маси согласно Законот за животната средина	F33
Надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати	F95

“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-5783/4
30 јули 2019 година
Скопје

Заменик министер за финансии,
д-р **Shiret Elezi,** с.р.

2509.

Врз основа на член 7 став (2) од Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавно претпријатие за државни патишта („Службен весник на Република Македонија” број 163/18) министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И УВОЗНИ ДАВАЧКИ, КАКО И ОД АКЦИЗА ПРИ УВОЗ НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ И МИНЕРАЛНИ МАСЛА И ПРОПРАТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла и пропратната документација.

Член 2

Барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник се поднесува следната пропратна документација:

- Копија од Договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка –Деве Баир;
- Фактура, про-фактура или договор за купопродажба, издадени од странски испорачател;
- Изјава дека увезените добра/стоки се наменети за патната делница Крива Паланка – Деве Баир.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 20-6303/3
30 јули 2019 година
Скопје

Заменик министер за финансии,
д-р **Shiret Elezi,** с.р.

Прилог

ДО:

ЦАРИНСКА УПРАВА

Б А Р А Њ Е

остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла

Јавното претпријатие за државни патишта бара Царинската управа согласно член 6 став (2) од Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавно претпријатие за државни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 163/18), да ги ослободи од данок на додадена вредност и увозни давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла добрата-стоките, наменети за патната делница Крива Паланка – Деве Баир, содржани во ова барање:

1. ПОДАТОЦИ ЗА ДОБРА-СТОКИ ЗА КОИ СЕ БАРА ОСЛОБОДУВАЊЕ:

Реден број	Број и датум на фактура /профактура /договор во кои е содржано доброто-стоката	Опис на добрата-стоките (марка, вид, тип,)	Тарифна ознака	Количина	Вредност на доброто-стоката во странска валута
1	2	3	4	5	6
				В К У П Н О:	

Вкупната вредност на добрата-стоките за кои се бара ослободување според документот од странскиот испорачател е во износ од _____изразена во странска валута.

2. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Име на лице за контакт:	
Телефонски број	
Е- пошта	

3. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:

1.	Копија од Договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир
2.	Фактура, про-фактура или договор за купопродажба, издадени од странски испорачател
3	Изјава дека увезените добра/стоки се *наменети за патната делница Крива Паланка – Деве Баир*

Датум и место на поднесување

_____

Барател
(функција, име, презиме и потпис на овластено лице)

МП _____

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

2510.

Врз основа на член 136 став (7) и (8), член 138 став (6), член 139 став (2) и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ ЗА МЕТЕОРОЛОШКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот за метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/11), во членот 5 став (1) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Прилозите 1, 2 и 3 се заменуваат со нови Прилози 1, 2 и 3 кои се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-620/4
24 јули 2019 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

ПРИЛОГ 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
CIVIL AVIATION AGENCY

УВЕРЕНИЕ

APPROVAL CERTIFICATE

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address*:

Број/ *Number*:

Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведената организација ги исполнува условите пропишани со Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот за метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај и истата се овластува за организација/центар за вршење обука на воздухопловен МЕТ персонал.

The Civil Aviation Agency confirms that the above named organization complies with the requirements prescribed in Regulation on qualification, training, examinations, licensing and ratings of the MET Personnel and is empowered to operate as an Organization/ Center for training of the MET Personnel.
Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:

Датум на издавање/ *Date of issue*: Потпис/ *Signature*:

Важи од/ *Effective date*: Директор/ *Director General*

ПРИЛОГ 2



Важност на дозволата / Period of validity		
Важи од датум / Valid from :	Важи до датум / Valid until :	Потпис на овластено лице и печат / Signature and seal :

ЗАБЕЛЕШКИ - ОГРАНИЧУВАЊА / REMARKS - RESTRICTIONS :

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
CIVIL AVIATION AGENCY

ДОЗВОЛА
ЗА ПЕРСОНАЛ ЗА МЕТЕОРОЛОШКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ
MET PERSONNEL LICENCE

ИЗДАДЕНА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО
ISSUED IN ACCORDANCE WITH AVIATION ACT

I	Издадена од држава/ *State of issue:*
III	Бројна дозволата/ *Licence number:*
IV	Презиме и име на сопственикот/ *Last and first name of holder:*
XIV	Датум и место на раѓање/ *Date and place of birth:*
V	Адреса/ *Address:*
VI	Државјанство/ *Nationality:*
VII	Потпис на сопственикот/ *Signature of holder:*
VIII	Орган што ја издава/ *Issuing authority:*
X	Потпис на службено лице и датум/ *Signature of issuing officer and date:*
XI	Печат или сув жиг/ *Seal or stamp of issuing authority:*

Датум на прво издавање / *Date of initial issue:*	Почетно издадена од / *Authority of initial issue:*

IX Валидноста на дозволата мора да се продолжи не подоцна од: *Validity: This licence is to be reissued not later than :* _____

Правата од дозволата можат да се практикуваат само ако сопственикот има важечко лекарско уверение најмалку класа 4. Документ кој што содржи фотографија треба да се носи заради идентификација на сопственикот на дозволата.

The privileges of the licence shall be exercised only if the holder has a valid medical certificate at least class 4. A document containing a photo shall be carried for the purposes of identification of the licence holder.

XIII Забелешки / *Remarks*

Посебни овластувања / *Special endorsements*		
Овластување / *Endorsement:*	Датум на стекнување / *Date of issue:*	Потпис на овластено лице и печат / *Signature and seal:*
ВМ Прогностичар / *Aeronautical met. forecaster*		
ВМ Опсервер / *Aeronautical met. observer*		
Инструктор - ВМ Прогностичар / *Instructor - AM Forecaster*		
Инструктор - ВМ Опсервер / *Instructor - AM Observer*		

ПРИЛОГ 3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Образец на барање
за воздухопловен МЕТ персонал

Број на дозвола:
_____

БАРАЊЕ ЗА:

☐ Полагање на испит за стекнување на дозвола со овластување / посебно овластување

☐ Издавање на дозвола со овластување на ВМ опсервер

☐Издавање на дозвола со овластување на ВМ прогностичар

☐Впишување на посебно овластување за инструктор

☐Продолжување на важноста на дозволата со овластување / посебното овластување

☐Промена на дозвола / Измена на лични податоци

1. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ		
Презиме: [ ]	Татково име: [ ]	Име: [ ]
Датум на раѓање (дд/мм/гггг): [/ /]	Место на раѓање: [ ]	Државјанство: [ ]
Адреса на живеење: [ ]		
Поштански бр.: [ ]	Место: [ ]	Адреса за електронска пошта (email): [ ]
Домашен тел: [ ]	Факс: [ ]	

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА	
Назив: [ ]	Ознака: [ ]
Адреса на единицата: [ ]	Тел. на единицата: [ ]

3. ВИД НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА (на која што се однесува барањето)	☐ ВМ Опсервер ☐ ВМ Прогностичар

4. ОВЛАСТУВАЊА ЗА КОИ СЕ ОДНЕСУВА БАРАЊЕТО	
☐ Дозвола на ВМ опсервер	☐ Овластување на ВМ опсервер ☐ Посебно овластување за инструктор

☐ Дозвола на ВМ прогностичар	☐ Овластување на ВМ прогностичар ☐ Посебно овластување за инструктор

5. ИЗЈАВА ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО		
Изјавувам дека внимателно ги разгледав внесените податоци и според мојата најдобра проценка и знаење тие се точни.		
Име и презиме: [ ]	Потпис: [ ]	Датум: [/ /]

6. ПРИЛОЖЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ЗАБЕЛЕШКИ / ДРУГИ БИТНИ ИНФОРМАЦИИ

2511.

Врз основа на член 7-б став (1) алинеја 4, член 136 ставови (7) и (8), член 138 став (6), член 139 став (2), член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и 98/09), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ НА КОНТРОЛА НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/17, 89/18 и 177/18), во Прилогот, Додатокот 1 кон Анекс II, се заменува со нов Додаток 1 кон Анекс II, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10 – 701/3
24 јули 2019 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

ПРИЛОГ

Додаток 1 кон Анекс II

Образец за дозвола

ДОЗВОЛА НА КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕТО

Дозволата на контролор на летањето која е издадена согласно оваа регулатива се придржува кон следните спецификации:

(а) Содржина. Бројот на ставките секогаш се прикажува заедно со насловот на ставката. Ставките од I до XI се „постојани" ставки, а ставките од XII до XIV се „променливи" ставки кои може да се напишат на посебен или одделен дел од главниот образец, како што е пропишано во текстот кој следи. Секој посебен или одделен дел треба да е јасно препознатлив дека е дел од дозволата.

1. Постојани ставки:

(I) земјата на издавање на дозволи;

(II) назив на дозволата;

(III) сериски број на дозволата со ознаката на ОН за земјата на издавање позади која стои „дозвола на (студент) контролор на летањето" и ознаката која е составена од арапски цифри и/или букви и на латиница;

(IV) целото име на имателот (напишано на латиница, дури и ако писмото на националниот јазик не е латиницата;

(IVa) датум на раѓање;

(V) адресата на имателот, ако тоа го бара надлежниот орган;

(VI) државјанство;

(VII) потпис на имателот;

(VIII) надлежниот орган;

(IX) потврда на рокот на важноста и одобрените права кои се даваат, вклучувајќи ги датумите на првото издавање;

(X) потпис на службеното лице кое ја издава дозволата и датумот на издавање;

(XI) печат или жиг на надлежниот орган.

2. Променливи ставки:

(XII) овластувањата и посебните овластувања со датумите на истекување на истите;

(XIII) забелешките: посебните овластувања за познавање на јазик; и

(XIV) сите останати детали кои ги бара надлежниот орган.

(б) Со дозволата се приложува и важечко лекарско уверение, освен во случаи кога се користат права само од STDI.

(в) Материјал. Се користи хартија од прва класа и/или друг соодветен материјал, вклучувајќи ги и пластичните картички за да се спречи или да се види секоја измена или бришење. Надлежниот орган јасно го одобрува секој запис или бришење во образецот.

(г) Јазик. Дозволите се пишуваат на англиски јазик и, ако бараат земјите–членки, на националниот јазик (јазици) и на други јазици доколку се смета дека е соодветно.

Назив на надлежниот орган и лого *Competent authority's name and logo* (Англиски јазик и секој друг јазик определен од страна на надлежниот орган)	Услови *Requirements* ([1])
ЕВРОПСКА УНИЈА (Само англиски јазик)	„Европска Унија" се брише за земјите што не се земји-членки на ЕУ
ДОЗВОЛА НА (СТУДЕНТ) КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕ *(STUDENT) AIR TRAFFIC CONTROLLER LICENCE*	
	Големината на секоја страна е една осмина од форматот А4. *The size of each page shall be one–eight A4.*
Издадена согласно Регулатива (ЕУ) 2015/340 на Комисијата *Issued in accordance with Commission Regulation (EU) 2015/340*	
Оваа дозвола ги исполнува стандардите на ICAO *This licence complies with ICAO Standards*	
Образец 152 на EASA – Издание 1 *EASA Form 152 – Issue 1*	

([1]) *Услови*:
Страниците кои се однесуваат на упатствата за начинот на пополнување на дозволата на (студент) контролор на летањето, се наменети за надлежниот орган или оценувачите–испитувачите кои се посебно овластени за продолжување или обновување на посебните овластувања за одредена единица. Надлежниот орган секогаш го внесува првичното издавање на овластувањата, придружните овластувања, посебните овластувања за познавање на јазик, посебните овластувања за инструктор и оценувач–испитувач. Продолжувањето или обновувањето на посебните овластувања за одредена единица ќе ги внесе надлежниот орган или овластените оценувачи–испитувачи.

I	**Земја на издавање:** *State of issue*	**Услови:** *Requirements:*
II	**Назив на дозволата:** *Title of licence:*	
III	**Сериски број на дозволата:** *Serial number of the licence:*	Серискиот број на дозволата секогаш започнува со ознаката на ОН за земјата на издавање на дозволата, а потоа следи "Дозвола на (студент) АТСО".
IV	**Име и презиме на имателот:** *Serial number of the licence:*	
IVa	**Датум на раѓање:** *Date of birth:*	Се користи стандарден формат на датум, т.е., ден/месец/година (на пр., 31.01.2010)
XIV	**Место на раѓање:** *Place of birth:*	
V	**Адреса на имателот, ако бара надлежниот орган:** Улица, град, област, поштенски број: *Holder's address, if desired by the competent authority:* *Street, town, area, postal code:*	
VI	**Државјанство:** *Nationality of holder:*	Се назначува со ознаката на ОН за земјата
VII	**Потпис на имателот:** *Signature of holder:*	
VIII	**Надлежен орган:** *Competent Authority:*	
X	**Потпис на службеното лице кое ја издава дозволата и дата на издавање:** *Signature of officer issuing the licence and data of issue:*	
XI	**Печат или жиг на надлежниот орган:** *Seal or stamp of issuing competent authority:*	

IX	**Важност на правата:** **Имателот има право да ги користи правата од следното овластување(овластувања) и придружно овластување (овластувања), по проверка на важноста:** ***Validity of privileges:*** ***The holder is entitled to exercise the privileges of the following rating(s) and rating endorsement(s), when validated:***	**Услови:** ***Requirements:*** **Англиски јазик и јазик(јазици) кои ќе ги одреди надлежниот орган.** **Датумот на првото издавање на овластување и/или придружно овластување е датумот на успешното завршување на обуката која е релевантна за тоа овластување и/или придружно овластување.**

Овластување(–а) *Rating(s)*	Дата на прво издавање *Date of first issue*

Придружно овластување(–а) *Rating endorsement(s)*	Датум на прво издавање *Date of first issue*

XII a Овластувања и посебни овластувања со датумите на истекот на важноста

Ratings and endorsements with expiry dates

Имателот има право да ги користи правата од следното овластување (овластувања) и придружно овластување (овластувања) во одредената единица (единици) на контролата на летање за кое има важечко посебно овластување (овластувања) за одредена единица, како што е детално наведено подолу во текстот, само ако имателот има важечко лекарско уверение:

The holder is entitled to exercise the privileges of the following rating(s) and rating endorsement(s) at the air traffic services unit(s) for which current unit endorsement(s) is (are) held as detailed below, only if the holder has a valid medical certificate:

Единица (ICAO ознака) *Unit (ICAO indicator)(*)*	Сектор/позиција (*) *Sector/position(*)*	Овластување/посебно овластување *Rating/Endorsement*	Датум на истекот на важност *Expiry date (*)*	Потпис/печат на надлежниот орган или број на дозвола и потпис на оценувачот *Signature/stamp of the authority or licence number and signature of the assessor*

(*) Не се применува на дозвола на студент ATCO

Not applicable for Student ATCO Licence

<table>
<tr>
<td>XII b</td>
<td>
Останати посебни овластувања:

Имателот има право да користи права од следното посебно овластување (овластувања)

Other endorsements

The holder is entitled to exercise the privileges of the following endorsement(s)

<table>
<tr><th>Посебно овластување за OJTI/STDI/
оценувач
OJTI/STDI/Assessor
endorsement</th><th>Датум на истекот на важноста
Expiry Date</th></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>
</td>
<td>
Услови: не е применливо

Requirements: N/A
</td>
</tr>
</table>

XIII	**Забелешки:** **Посебно овластување за познавање на јазик (јазици): [јазик(-ци)/ниво/датум на истек на важноста]** ***Remarks:*** ***Language proficiency endorsement(s): [language(s)/level/expiry date]***	**Треба да се опфати и посебното овластување за познавање на јазик, нивото и датумот на истекот на важноста** **Овде треба да се внесат сите дополнителни информации за издавањето на дозволата.**

Кратенки / *Abbreviations*

Овластувања на контролор на летањето *Air traffic controller ratings*		Услови: не е применливо *Requirements: N/A*
ADV	Аеродромска визуелна контрола Aerodrome Control Visual	
ADI	Аеродромска инструментална контрола Aerodrome Control Instrument	
APP	Приодна процедурална контрола Approach Control Procedural	
APS	Приодна надзорна контрола Approach Control Surveillance	
ACP	Обласна процедурална контрола Area Control Procedural	
ACS	Обласна надзорна контрола Area Control Surveillance	
Придружни овластувања		
AIR	Контрола на воздухоплови во лет Air Control	
GMC	Контрола на движење по земја Ground Movement Control	
TWR	Контролна кула Tower Control	
GMS	Надзорна контрола на движење по земја Ground Movement Surveillance	
RAD	Аеродромска радарска контрола Aerodrome Radar Control	
PAR	Прецизен приоден радар Precision Approach Radar	
SRA	Приод по надзорен радар Surveillance Radar Approach	
TCL	Терминална контрола Terminal Control	
OCN	Океанска контрола Oceanic Control	
Посебни овластувања во дозволата		
OJTI	Инструктор за обука на работно место On–the–job training instructor	
STDI	Инструктор за обука на синтетички уред за обука Synthetic training device instructor	
Assessor	Оценувач–испитувач Assessor	

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

2512.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9, член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година, согласно точка I потточка 3 од Решението за извршен редовен инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Уп1 бр.08-78 од 15.07.2019 година (наш арх.бр.03-2327/4 од 23.07.2019 година) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3716/5 од 30.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 30.07.2019 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ НА ДРЖАВНО, РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.01-5988/1 ОД 04.12.2014 ГОДИНА, СО ИЗМЕНА БР.01-4077/1 ОД 12.09.2018 ГОДИНА

Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/14 и 172/18), (во понатамошниот текст: Правилник за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка), во Прилогот бр.1 – Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер, во табелата „Физичко лице“, полето за впишување на „ЕМБГ“ се брише.

Изменетиот Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер е составен дел на овој Правилник (Прилог бр.1).

Член 2

Низ целиот текст на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка и во Прилогот бр.1 – Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 3

Во останатиот дел Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка, не се менува.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,
Лазо Петрушевски, с.р.

Бр. 01-3747/1
31 јули 2019 година
Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Палата Панко Брашнаров,
ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 23 103 400
Факс: +389 23 103 401
e-mail: contact@avmu.mk

Прилог бр. 1

(приемен печат на ААВМУ)

БАРАЊЕ[1]
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕР

Физичко лице [2]

Име и презиме	
Адреса	
Телефон	
Електронска пошта (e-mail)	

Правно лице[3]

Целосен назив	
Седиште	
Телефон	
Факс	
Електронска пошта (e-mail)	

Барам да ми се издаде копија од:

- Снимка на информација објавена во рамките на програмскиот сервис на следниот радиодифузер:

_____

[1] Согласно член 9 и 10 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија” бр.180/14),
[2] Се пополнува само кога барателот е физичко лице,
[3] Се пополнува само кога барателот е правно лице

- Наслов на емисијата во која е објавена бараната информација:

  _____

- Датум и време кога е објавена информацијата:

  _____

  _____

- Копијата на снимката/те е/се потребна/и за:

  _____

  _____

Барател: _____

Потпис:_____

Датум на поднесување на барањето: _____

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019158